Врз основа на член 110 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/2021), член 60 од Статутот на Технолошко-металуршкиот факултет-Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.466/2019), Наставно-научниот совет на 11. редовна седница одржана на 15.2.2024 година, ја донесе следната

# СТРАТЕГИЈА
# НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ
# ЗА ПЕРИОД 2024-2026 ГОДИНА

# ВИЗИЈА ЗА ФАКУЛТЕТОТ И ГЛАВНИ ЦЕЛИ

Во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Технолошко-металуршкиот факултет – Скопје, врши високообразовна дејност од прв, втор и трет циклус студии, научноистражувачка и применувачка дејност во научноистражувачкото подрачје на техничко-технолошките науки, и научните полиња хемиско инженерство, хемиска технологија, контрола на квалитет, материјали, металургија, регулација и управување со технолошко процеси, технологија на прехранбени производи, текстилна технологија, животна средина, како и во сите научни полиња што се во врска со основната дејност на Факултетот.

Како единствена високообразовна установа во државата која во својата дејност ги опфаќа овие научни полиња, Технолошко-металуршкиот факултет – Скопје претставува важен сегмент во едукацијата и профилирањето на кадри потребни во реалната производствена економија. Технолошко-металуршкиот факултет-Скопје има должност да ги следи и имплементира во конитнуитет модерните трендови на наставно-образовната и научноистражувачката дејност, што е во согласност со Мисијата на Универзитетот и начелата на нашиот Факултет. Од особено значење за одржлив развој на Факултетот е следење на современите, глобални трендови во универзитетската дејност, насочени кон интернационализација, поврзување со домашните и меѓународните институции, мултидисциплинарност, иновации во научноистражувачката дејност, поврзување со стопанството и доживотно учење.

Водени од идејата дека движечка сила кај големите едукатори е страста кон учењето, веруваме дека најдобар факултет е доживотното учење, односно континуираното унапредување на наставната пракса. Да се поттикне наставната извонредност во рамките на Технолошко-металуршкиот факултет-Скопје, на факултетот му е потребен постојан и редовен развој на академските и инфраструктурните капацитети и можности. Инклузивна програма за развој на факултетот мора да поттикне вклучување на различни сегменти од академската заедница и воедно да претставува ефикасна програма за развој на Факултетот, која истовремено е доволно флексибилна и иновативна за да одржи чекор со современите акдемски трендови. Програмите за развој на факултетот треба да поттикнат модел насочен кон студентот и да бидат втемелени во наставната практика заснована на докази, каква што впрочем е и природата на дејностите кои произлегуваат и се негуваат на Технолошко-металуршкиот факултет-Скопје.

# МИСИЈА

Технолошко-металуршкиот факултет-Скопје се стреми да негува култура која промовира извонредност во наставата, ја унапредува инклузијата, еднаквоста и правичноста, ја поттикнува соработката и ги поддржува академските дејци во нивните напори да истражат иновативни, наставни методи кои генерираат успех кај студентите.

За исполнување на својата мисија, Факултетот во соработка со други институционалните партнери се обидува да обезбеди највисоки стандарди за учење и поддршка на научноистражувачката и апликативната дејност, како и трансформирање на наставата преку обука, работилници и професионални заедници за учење и консултации, преку следните активности:

- Одржлива стратегија за зголемување на бројот на студентите.
- Негување и унапредување на инженерскиот и технолошкиот потенцијал на студентите на додипломски, постдипломски и докторски студии со стремеж за постигнување највисок стандард преку активен дијалог меѓу наставниот кадар и студентите, како главни носители.
- Интензивирање на соработката со стопанството за полесно надминување на технолошките предизвици во државата и регионот.
- Обезбедување инфраструктура за квалитетна едукација, истражување и развој преку изнаоѓање одржливи решенија.
- Подобрување на финансиската состојба на вработените и транспарентно менаџирање со факултетските средства.
- Активности за интердисциплинарна соработка за полесно справување со глобалните предизвици преку интензивирање на меѓународната соработка на Факултетот и мобилноста на наставно-стручниот кадар и студентите а со цел меѓународна афирмација на Факултетот.
- Воведување на ISO стандарди во работењето на Факултетот за оптимално управување со човечките ресурси.
- Интензивирање на заложбата за подобрување на положбата на Факултетот во рамките на УКИМ и нашата држава и промовирање во центар на извонредност во регионот.

# ОСНОВНИ ВРЕДНОСТИ

***Посветеност за извонредност.*** Останувааме посветени да овозможиме квалитетно инженерско образование засновано на потребите на индустријата и да го поттикнеме духот на креативниот развој на студентите и идните научници, кои ќе

бидат двигатели на технолошката трансформација и ќе и придонесат просперитет на државата.

***Посветеност за напредок.*** Технолошко-металуршкиот факултет-Скопје како важна алка меѓу Универзитетот и индустријата, значително придонесува кон технолошкиот развој и проширувањето на базата на знаење преку вмрежување и соработка со алумни, национални организации и индустрија.

***Интеграција на знаење.*** Факултетот во соработка со различни факултети нуди инклузивно и урамнотежено образование со комбинирање на мултидициплинарно инженерството за студентите од секој регион, пол, социјално и економско потекло.

***Промовирање на работата на Факултетот.*** Ангажираност кон дисеминација на научно-истражувачката и апликативната дејност на Факултетот во соработка со индустријата, приватниот и невладиниот сектор преку семинари, работилници, промотивни кампањи а со цел популаризација на Факултетот.

***Доживотно учење.*** Стремеж кон знаење од лични или професионални причини преку полисата на доживотно учење со учество на академскиот кадар, студентите и стопанството во заеднички активности.

***Креирање вредност.*** Одговорно и искрено ги извршуваме нашите обврски, следејќи ги најдобрите етички практики и креирајќи вредности за подобро општество.

***Посветеност на иновации.*** Сакаме да ја поттикнеме иновацијата и да го промовираме претприемачкиот дух кај студентите поддржувајќи ги во организирање разни активности, работилници, пракса и обука.

# ДОЛГОРОЧНИ СТРАТЕГИИ

Следниве стратешки иницијативи помагаат да се дефинира насоката на одржлив развој на Факултетот, како и развивање на систем за ефикасно одлучување.

- Редовна, екстензивна проценка на потребите е клучен фактор за обезбедување одржлив развој на Факултетот. Ваквата поставеност продуцира адекватна евалуација на потребите преку континуиран дијалог со клучните чинители и активно учество на факултетските состаноци. Формалното оценување ќе се врши на годишно ниво и ќе вклучува анкети и други метрики.

- Развој и поттикнување на висококвалитетни програми за развој на факултетските капацитети базирани на партнерства со сродните компании и академската заедница. Создавање на динамични програми за развој на Факултетот е јасна и постојана цел каде планот на реализација треба да се фокусира на создавање на ориентиран пристап на наставата кон студентот. За да се осигураме дека ги максимизираме достапните ресурси, Факултетот е посветен на развивање на тековни и одржливи партнерства во и вон рамките на академската заедница.

- Развивање на одржлив модел за финансирање на дејноста на ТМФ е клучна компонента за долгорочен раст и одржливост. Ваквиот модел ги инкорпорира настојувањата за осовременување на наставниот процес, воведување на акредитирани методи во сите области на научноистражувачката дејност, развој и актуелизирање на апликативната дејност на Факултетот.

- Активен пристап - интензивирање на промоцијата на Факултетот во сите сфери на делувањето со максимизирање на учеството на сите вработени во таа насока и во солгасност со претходно дефинирана ПР агенда.

- Континуирана евалуација на целокупната активност на Факултетот во насока на зголемување на ефективноста на напорите за осовременување на дејноста. Евалуацијата на ефективноста на имплементираните програми е од витално значење за обезбедување на неопходните податоци кои ќе бидат анализирани, споделени и искористени за воспоставување на систем за програмско одлучување.

# КРАТКОРОЧНИ СТРАТЕГИИ

Краткорочните стратегии за развој на Технолошко-металуршкиот факултет се фокусираат на обезбедување на успешна реализација на дејноста и ја продолжуваат мисијата на Факултетот.

Планот за реализација на краткорочни стратегии вклучува:

- Обезбедување висококвалитетна настава според највисоките критериуми.

- Воведување на тековни метрики за успех.

- Продолжување на напорите за обезбедување дополнителни извори на финансирање.
- Проширување на наставната ориентација на Факултетот во насока на стручна настава и студии, во согласност со потребите на стопанството.Развој на динамични маркетинг напори за да се поттикне поголемо присуство на Факултетот во медиумите, низ маркетинг програма компатибилна со дејноста на Факултетот.
- Активна соработка со соодветна ПР агенција и невладниниот сектор во насока на промоција. Организирање на работилници и вебинари на Факултетот.
- Организација на настани за говорници предводени од Факултетот, алумни на ТМФ и истакнати гости.
- Формирање стратешки партнерства преку зголемена активност на Центарот за кариера и реактивирање на Центарот за трансфер на технологии.
- Редовно организирање на натпреварот за средни училишта „Материјали на иднината".
- Организација на Конгрес/конференција од областите на зелено процесно инженерство, одржливи технологии и циркуларна економија.

## I. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ И СТУДЕНТИ

Наставно-образовниот процес претставува основна и приоритетна дејност на Факултетот и како таква е од примарно значење за студентите и наставниот кадар кој е вклучен во истата. Наставно-образовната дејност на Факултетот се изведува во сите три циклуси (додипломски, магистерски и докторски студии) и истата претставува динамичен систем, кој континуирано треба да се унапредува и осовременува низ активно учество на наставниот кадар и студентите, а со цел за обезбедување на бараниот квалитет на едуцирани кадри за потребите на стопанството и процесната индустрија.

За таа цел, Факултетот неопходно е да ги следи современите трендови и потребите на индустријата за да може активно да работи на процесот на надградување на студиските планови и програми.

Во насока на обезбедување на висококвалитетна високообразовна настава и надградба на постоечките наставни програми, од примарен интерес е

усовршувањето на наставниот и соработничкиот кадар преку трансфер на знаења и искуства стекнати од научни престои и соработка со реномирани и меѓународно признаени факултети и универзитети.
За континуирано унапредување и осовременување на наставно-образовниот процес, како клучни стратегиски цели и соодветни стратегиски и оперативни активности за претстојниот период се издвојуваат: Осовременување на наставните програми преку детална анализа на потребите на индустриските капацитети и во корелација со стопанството.

- Воведување стручни студии
- Подобрување на условите за настава
- Изнаоѓање форми за одржлива уписна политика на нови потенцијални студенти.
- Зголемување на задоволството на студентите од наставата, стекнатите знаења, компетенции и вештини.
- Промоција на дејноста на Факултетот, како за актуелизација на наставните програми на сите три циклуси на студии, така и од аспект на научноистражувачката и апликативната дејност

Службата за студентски прашања е еден од најважните сегменти на комуникацијата факултет – студенти. Ќе се изврши осовременување на инфраструктурата на оваа служба (набавка на потребна опрема и надградба на постоечката). Со овие активности ќе се обезбеди заштеда на студентското време и зголемена функционалност на студентската служба.

## II. ФИНАНСИИ, ИНВЕСТИЦИИ И РАЗВОЈ

Соодветното менаџирање со материјално-финансиските средства на Факултетот е од примарен интерес на Факултетот. Приходите на Факултетот доаѓаат од два извори: од буџетот на државата и од сопствени приходи. Една од фундаменталните задачи во работата на Факултетот ќе биде зголемување на сопствените приходи (апликативна дејност, обезбедување стипендии за сите три циклуси на студии, донации, спонзорства и др.) со цел инвестирање во опрема и инфраструктура на Факултетот и унапредување на стандардотна вработените.

Главни цели за успешно менаџирање со материјално-финансиската состојба на Факултетот и зголемување на приходите се:

- Креирање на план за користење и транспарентна распределба на средствата од сопствената сметка на Факултетот.

- Привлекување на донации и спонзорства од различни фондови и компании со кои Факултетот има заеднички нтереси.
- Стипендирање на студнети на ТМФ.
- Воведување и финансиска подршка на активности за стимулирање на соработкта на Факултетот со стопанството.
- Континуирано надградување на инфраструктурата на Факултетот во однос на реализација на капитални инвестиции и зајакнување на лабораториските капацитети.

## III. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ (СОРАБОТКА СО СТОПАНСТВО)

Постигнувањето на извонредност во научното истражување е проактивен одговор на современите социјални и економски предизвици. Технолошко-металуршкиот факултет-Скопје е посветен на поттикнување на зголемено ниво на научна свест и видливост, поттикнување на позитивна конкурентна средина и промовирање на меѓусебната соработка меѓу сите заинтересирани страни во истражувачки и апликативни активности. Факултетот е посветен на обезбедување конкурентност како на внатрешен така и на меѓународен така план преку реализација на меѓуинституционални соработки. Дополнително, фокусот ќе биде на зајакнување на интердисциплинарната соработка во рамките на Факултетот преку премостување на различни истражувачки области. Овој факултет е катализатор за научниот и технолошкиот развој на нашата држава и има за здача да ги имплементира најновите трендови во научно-истражувачките и апликативните активности. Како факултет обезбедуваме потребен и квалитетен кадар (дипломирани инженери технолози и металурзи), неопходен know-how за стопанството кој е носител на техничко-технолошкиот развој на процесната индустрија и нејзиниот одржлив развој, а со тоа имаме и обврска да ги афирмираме и заштитуваме кадрите од оваа струка. За унапредувањето и развојот на научноистражувачката и апликативна дејност, Факултетот ги дефинира следните цели:Стимулирање и подигнување на квалитетот на научноистражувачката дејност.

- Унапредување на соработката со стопанството преку зголемување на иновациите и технолошкиот развој
- Интензивирање на соработката со водечките компании во државата.
- Мапирање на уникатната дејност на Факултетот во државата и регионот
- Активирање на Центарот за трансфер на технологии.

## IV. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Факултетот има значајна основа за понатамошен развој на меѓународна соработка со релевантни и сродни универзитети и институции во регионални и глобални рамки. Во таа насока, за постигнување на академска извонредност и создавање на поттикнувачка истражувачка атмосфера, неопходно е соработка и вмрежување, поддршка за опсежни и амбициозни истражувачки проекти, воспоставување на ефикасна кадровска научна политика и адекватен план за воведување на младите истражувачи во работата на Факултетот. Со цел стимулирање на развојот на меѓународната соработка на Факултетот ќе се заложува за:, Зголемување на бројот  на излезни мобилности за студенти и наставен кадар.

- Интернационализација на наставата и мобилностите.
- Зголемување на интензитетот на билатералната и мултилатералната соработка со партнерските универзитети, факултети и академски институции.
- Активно учество во Европската алијанса на универзитети, каде што членови Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

## V. КАДРОВСКА ПОЛИТИКА И УПРАВУВАЊЕ СО ФАКУЛТЕТОТ

Поттикнувањето и развојот на квалитетна и продуктивна соработка помеѓу наставниот кадар е основен предуслов за успешноста на целокупната работа на Факултетот. Во согласност со Законот за високо образование и Статутот на Универзитетот, Факултетот ќе ги интегрира основните начела во рамки на Статутот на Технолошко-металуршкиот факултет. Во рамките на своето дејствување ќе се почитува Академскиот етички кодекс и принципите на транспарентност и професионалност при спроведувањето на одлуките. Во согласност со начелата на добра академска пракса, ќе бидат преземени следните активности:

- Кадровско подмладување и пополнување на составот на вработените на Факултетот;
- Соодветна проценка на реалните потреби на Факултетот од наставно-образовен и апликативен аспект; и
- Одлуките на органите на Факултетот ќе бидат донесувани транспарентно, по претходно направени соодветни анализи од релевантни чинители.

**Декан**

__________________________

**Д-р Стефан Кувенциев вонр. проф., с.р**